# ЗАПИСНИК

Од одржаната **16-та** седница на Советот на општина Новаци одржана на ден **23.09.2022** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:

Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски и Наумче Смилевски.

На седницата се присутни вработени во општина Новаци: Градоначалник-Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител на одделение за финасии, Николина Лозановска-соработник за соц. здр. и детска заштита, Стевче Ангелевски- секретар на општина Новаци, Летка Јовановска - раководител на одделение.

.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

Усвојување на Записникот од 15-та седница на Совет на Општина Новаци

1. **Предлог - Измена и дополнување на Буџетот на општина Новаци за 2022г.**

2. **Предлог - Одлука за превземање на раководен административен службеник од општина Кривогаштани**

3. **Предлог - Измена и дополнување на годишна програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Новаци за 2022г.**

4. **Предлог - Измена на одлуката за усвојување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата**

5. **Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопшинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен**

6. **Предлог - Решение за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на Предлог - Актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ресен и општина Новаци.**

7. **Предлог за разрешување и именување на нов член во Надзорен одбор за контрола на матерјално-финансиско работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие „ПЕЛАЛИНК“ - Битола**

8. **Предлог за разрешување и именување на нов член во Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие „ПЕЛАЛИНК“ – Битола**

**9. Предлог - Одлука за субвенционирање на изградба на термофасади на лицето Талевски П. Кире од с.Новаци**

**10. Именување на нов член на Надзорен одбор на ЈПКД "Комунална Хигиена" - Новаци**

**11. Годишен план за вработување на ЈПКД „Комунална Хигиена"–Новаци**

**12. Одлука за утврдување на цените на услугите на ЈПКД „Комунална Хигиена" – Новаци**

**13. Известување за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с.Рибарци во учебната 2022/23 год.**

**14. Барање од Здружение на граѓани „Оф Роуд –Македонија" за одобрување на финансиски средства во висина од 42 000,00 ден. за настанот Добро Поле 1918-2022**

**15. Барање од Црковниот одбор на црквата „Св.Атанасиј Велики" во с.Новаци за одобрување на градежен матерјал ( 35 вреќи цемент, 4 арматури-мрежи и 12 м$^3$ песок) за потребите на црквата.**

**16. Барање од КУД „Новаци" - Новаци за обезбедување на финасиски средства за превоз до Струга, Охрид, Витолиште и Конче –Радовиш во износ од 45.350,00 ден.**

**17. Барање од ЗФК „Пелагонија" с.Добромири за финансиски средства во висина од 70.00,00 ден. за натпреварување во есенскиот дел 2022/23 год. во Општинска лига – Битола.**

**18. Барање од Месна заедница на с.Рапеш за тампонирање на банкини покрај локална улица кои се оштетени од дождовите.**

**19. Извештај од извршениот увид во врска со барањето од Месна заедница на с.Долно Орехово за поставување на пластично полиетиленско црево Ф 63 во должина од 450м и спојки ( бр. 03-771/1 од 11-08-2022г).**

Дополнување на дневен ред на 16-та седница на Советот на општина Новаци која ќе се одржи на ден 23.09.2022 г. /петок/ со почеток во 12.00 ч. во просториите на општина Новаци.

**20. Предлог - Одлука за набавка на смарт табла за потребите на учениците од ОУ „Славко Лумбарковски" – подрачно училиште во с.Добромири.**

Дополнување : Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

**21. Барање за финансиска помош од лицето Ѓорги Талевски од с. Бач за лекување**

**22. Барање за финансиска помош од лицето Борис Талевски од с. Добромири за лекување**

**23. Барање за финансиска помош од лицето Марија Кузмановска од с.Новаци за лекување**

**24. Барање за финансиска помош од лицето Пранвера Ѓони од с. Добромири како семејство во социјален ризик.**

**25. Барање за финансиска помош од лицето Велика Велјановска од с. Долно Агларци како семејство во социјален ризик.**

Претседателката Најдовска – Стојковска предложи разгледувањето на точките број **7, 8 и 10** да се одложат за наредната Седница на Советот на општина Новаци и воедно предложи да се додаде нова точка во Дневниот ред

**26 точка: Предлог - Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на Општина Новаци.**

Дневениот ред со предложените измени беше **единогласно** усвоен

Записникот од 15-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласови за.**

1. **точка: Предлог - Измена и дополнување на Буџетот на општина Новаци за 2022г**.

По однос на првата точка објаснување даде Оливера Димитровска - раководител на одделение за финансии која детално ги објаснува промените во Буџетот на општина Новаци и потенцира дека во Предлог за измена и дополнување на Буџетот на општина Новаци кој беше доставен до Советот на разгледување, има промена во делот домашни задолжувања кој во Предлогот изнесуваше 30.000.000,00, ден. а кој во усвоениот матерјал е избришан затоа што за овој вид на задолжувања нема Одлука од Совет на општина Новаци и нема одобрение од Министерство за финансии и затоа во оваа ставка во усвоената Измената и дополнувањето на Буџетот висината на износот е 0 ден. Исто така во доставениот матерјал во колоната за донации износот беше 300 000,00 ден. додека во усвоениот тој износ има промена и изнесува 731.635,00 ден. Разликата произлегува од пристигнатиот прилив од донатарот кој претходно беше финансиран од Буџетот на општина Новаци

По излагањето и кратката дискусија меѓу советниците, Советот на општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за измена и дополнување на Буџетот на општина Новаци за 2022 г

2. **точка: Предлог - Одлука за превземање на раководен административен службеник од општина Кривогаштани**

За втората точка објаснување даде Градоначалникот Стевановски кој објасни пред советниците за потребата од превземање на административен службеник (правник) од друга општина како најбрз начин на пополнување на работно место кое по основ на пензионирање се ослободува во општина Новаци.

Советот на општина Новаци со **6 гласа за, 2 гласа против и 1 глас воздржан** донесе Одлука за давање согласност за трајно преземање на административен службеник

3. **точка : Предлог - Измена и дополнување на годишна програма за изработка на урбанистички планови на територија на општина Новаци за 2022г.**

За третата точка збор зеде Летка Јовановска - раководител на одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР која пред советниците објасни дека промената се однесува во делот 9 во кој се вметнува „ изработка и одобрување на урбанистички проеки вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена А4.7- куќи за потребите на селски туризам.

Советот на општина Новаци со **9 гласови за** донесе Одлука за измени и дополнувања на Годишна програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2022 година

**4 точка: Предлог - Измена на одлуката за усвојување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата**

Четвртата точка ја образложи Раководителот на финасиски прашања Оливера Димитровска која потенцира дека промената во Анексот е направена во делот на бодовите на плата при што бодовите на плата во делот на образование се вратени според законската регулатива одредена во Законот за административни службеници и додаден е дел со бодови заради усогласување со порастот на минималната плата.

Советот на општина Новаци со **9 гласови за** донесе Одлука за измена на одлуката за усвојување на Предлог-Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за административни службеници и други вработени во општина Новаци поради усогласување на платите со минималната плата.

**5 точка: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопшинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен**

Овој предлог е продолжување на постапката за воспоставување на Меѓуопштинска соработка со општина Ресен заради заедничко вршење на работи од областа на проценката на недвижен имот за определување на пазарната вредност за градежно и земјоделско земјиште на територијата на општина Новаци.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен

**6 точка: Предлог - Решение за именување на членови на заедничката Комисија за подготовка на Предлог - Актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Ресен и општина Новаци.**

Исто како и претходната точка и оваа се однесува на воспоставување на МОС со општина Ресен и за таа цел се формира заедничка Комисија за подготовка на актот за воспоставување на МОС помеѓу општина Новаци и општина Ресен. За членови во Заедничката Комисијата по предлог на Комисијата за избори, именувања и мандатни прашања се предложени Летка Јовановска и Катерина Чукалевска вработени во општинската администрација на општина Новаци.

Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Решение за именување на членови за заедничка Комисија за подготовка на Предлог- Актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Новаци и општина Ресен

**9. точка: Предлог - Одлука за субвенционирање на изградба на термофасади на лицето Талевски П. Кире од с.Новаци**.

Советот **едногласно** донесе Одлука за субвенционирање на изградба на термофасади на Талевски П. Кире

**11 точка: 11. Годишен план за вработување на ЈПКД „Комунална Хигиена“– Новаци**

Бидејќи на 15-та Седница на Советот на општина Новаци, Годишниот план за вработување за 2023г. на ЈПКД „Комунална Хигиена“– Новаци беше вратен на повторно разгледување поради несовпагање со резултатите од шестмесечниот извештај за работењето на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци, Директорот на оваа Седница на Советот достави нов Годишен план за вработување во кој нема планирано вработувања за 2023г. Новиот Годишен план за вработување на ЈПКД „Комунална Хигиена“–Новаци беше усвоен со **9**

**гласови за** и беше донесена Одлука за усвојување на Годишен план за вработување на ЈПКД „Комунална Хигиена“- Новаци за 2023г.

**12 точка: Одлука за утврдување на цените на услугите на ЈПКД „Комунална Хигиена“ –Новаци.**

И одлуката за утврдување на цените на услугите на ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци на една од претходните седници на Советот на општина Новаци беше вратена на повторно разгледување така што на оваа Седница пред Советниците беше доставена нова Одлука во која цените на услугите беа вратени како во стариот ценовник т.е без зголемување.

Советот со **7 гласа за и 2 гласа против** донесе: Одлука за давање согласност за утврдување на цените на услугите на ЈПКД “Комунална Хигиена”-Новаци

**13 точка: Известување за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с.Рибарци во учебната 2022/23 год.**

По однос на оваа точка се разви дискусија меѓу Советниците и Градоначалникот во однос на разгледување на можностите за зачувување на училиштето во с.Рибарци во работа, при што беше објаснато од страна на Градоначалникот дека оваа одлука е донесена врз основа на барањата на родителите на двете ученички кои како единствените ученици во училиштето во с.Рибарци бараа да се префрлат во Централното основно училиште во село Новаци.Ова е поткрепено според законот за основно образование според член 5 став 2 алинеја 2.

Советот на општина Новаци со **6 гласови за, 2 гласа против и 1 воздржан** донесе Одлука за давање согласност за ставање во мирување на комбинирана паралелка во подрачното училиште во с.Рибарци во учебната 2022/2023г.

**14 точка: Барање од Здружение на граѓани „Оф Роуд –Македонија“ за одобрување на финансиски средства во висина од 42 000,00 ден. за настанот Добро Поле 1918-2022**

Советот го разгледа барањето од Здружение на граѓани „Оф Роуд –Македонија“ и со **7 гласа за и 1 глас воздржан** (советникот Наумче Смилевски во моментот на гласењето не е присутен) донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на Здружение на граѓани „Оф Роад – Македонија“- Битола во висина од 20,000,00 ден.

**15 точка: Барање од Црковниот одбор на црквата „Св.Атанасиј Велики“ во с.Новаци за одобрување на градежен матерјал ( 35 вреќи цемент, 4 арматури-мрежи и 12 м$^3$ песок) за потребите на црквата**

По однос на ова прашање Советот го разгледа барањето од Црковниот одбор на црквата „Св.Атанасиј Велики“ во с.Новаци за одобрување на градежен матерјал и со **8 гласа за** (советникот Наумче Смилевски во моментот на гласењето не е присутен) донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за набавка на градежни матерјали за црквата „Св Атнасиј Велики“ с.Новаци во висина на 20 000,00 ден

**16. точка: Барање од КУД „Новаци“ - Новаци за обезбедување на финасиски средства за превоз до Струга, Охрид, Витолиште и Конче – Радовиш во износ од 45.350,00 ден.**

За ова прашање Советниците развија меѓусебна дискусија во врска со тоа што КУД Новаци до овој момент нема поднесено Извештај за искористени средства претходно добиени во два наврати од Буџетот на општина Новаци со Одлуки од Совет на општина Новаци.Поради тоа Председателката на Советот Најдовска-Стојковска предложи да се одложи разгледувањето на оваа точка се додека КУД „Новаци“ не го достави потребниот

извештај, Овој предлог беше ставен на гласање така што Советот со **9 гласа** за донесе Заклучок за одложување на разгледување на барање доставено од КУД „Новаци“ – Новаци

**17 точка: Барање од ЗФК „Пелагонија“ с.Добромири за финансиски средства во висина од 70.00,00 ден. за натпреварување во есенскиот дел 2022/23 год. во Општинска лига – Битола.**

Советот го разгледа барањето од ЗФК „Пелагонија“ с.Добромири натпреварување во есенскиот дел 2022/23 год. во Општинска лига – Битола. како и доставениот Извештај за искористени средства претходно добиени од Буџетот на општина Новаци со Одлука на Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на ЗФК “Пелагонија”- с.Добромири, Новаци за натпреварување во Општинска лига Битола-Есенски дел 2022/2023 година во висина од 70.000,00 ден

**18.точка: Барање од Месна заедница на с.Рапеш за тампонирање на банкини покрај локална улица кои се оштетени од дождовите**

Покрај барањето од М.З на с Рапеш Советниците го разгледаа и извештајот од направениот увид од стручно лице од општинската администрација г-дин Бежановски кој утврди дека барањето е оправдано со цел да се обезбеди непречено безбедно движење на возилата по улицата.Советот на општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување на тампонирање на банкини покрај локална улица во с.Рапеш.

**19 точка: Извештај од извршениот увид во врска со барањето од Месна заедница на с.Долно Орехово за поставување на пластично полиетиленско црево Ф 63 во должина од 450м и спојки ( бр. 03-771/1 од 11-08-2022г).**

На претходна Седница по однос на ова барање беше донесен Заклучок да се направи увид од стручно лице вработено во општинската администрација и да се поднеси Извештај од направениот увид до Советот на општина Новаци. Г-дин Бежановски како стручно лице направи увид на потребата и заклучи дека должината на цревото и спојките одговараат на потребата и барањето од М.З на село Д.Орехово.

Советот на општина Новаци со **9 гласови за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства во градежни материјали за потребите на Месна заедница од с.Долно Орехово

**20 точка: Предлог - Одлука за набавка на смарт табла за потребите на учениците од ОУ „Славко Лумбарковски“ – подрачно училиште во с.Добромири**

Советот го разгледа Предлогот доставен од страна на Градоначалникот за набавка на смарт табла за учениците во подрачното училиште во с.Добромири , која ќе се набави од средства обезбедени од Буџетот на општина Новаци согласно Законот за јавни набавки.

Советниците **едногласно** донесоа Одлука за набавка на смарт табла за потебите на учениците од ООУ ,,Славко Лумбарковски”- подрачно училиште с.Добромири

**21 точка: Барање за финансиска помош од лицето Ѓорги Талевски од с. Бач за лекување**

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Ѓорги Талевски од с. Бач во висина од 20 000,00 ден. бруто износ.

**22 точка: Барање за финансиска помош од лицето Борис Талевски од с. Добромири за лекување**

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Борис Талевски од с. Добромири во висина од 20 000,00 ден. бруто износ.

**23 точка: Барање за финансиска помош од лицето Марија Кузмановска од с.Новаци за лекување**

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Марија Кузмановска од с.Новаци во висина од 20 000,00 ден. бруто износ.

**24 точка: Барање за финансиска помош од лицето Пранвера Ѓони од с. Добромири како семејство во социјален ризик.**

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Пранвера Ѓони од с. Добромири во висина од 20 000,00 ден. бруто износ.

**25 точка: Барање за финансиска помош од лицето Велика Велјановска од с. Долно Агларци како семејство во социјален ризик.**

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош на физички лица Советот на општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Велика Велјановска од с. Долно Агларци во висина од 15 000,00 ден. бруто износ.

**26 точка: Предлог-Одлчука за давање птавото на користење на мрежата на јавно осветлување на територијата на Општина Новаци**

За оваа точка објаснување даде Летка Јовановска-раководител на одделение која пред Советниците образложи дека со оваа одлука се дава право на користење на мрежата на јавното осветлување на територија на општина Новаци од страна на општина Новаци на Џемдаг ИНТ ДООЕЛ Ресен сочинето од 66 броила на улично усветлување во сите урбани и месни заедници на територија на општина Новаци

Советот на општина Новаци со **9 гласови за** донесе Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Новаци.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

______________________________